Акционерско Друштво за осигурување
ГРАВЕ НЕЖИВОТ СКОПЈЕ
Бр. 0202 - 27/34
01.09. 2023 год.
Скопје

**ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД СКОПЈЕ**

# УСЛОВИ
# ЗА ОСИГУРУВАЊЕ СТАКЛО ОД КРШЕЊЕ

**Скопје, септември 2023 год.**

Усвоена со одлука на Управен одбор број 2733 од 01.09.2023 година

## ПРЕДМЕТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ

### Член 1

(1) Предмет на осигурувањето во смисла на овие Услови можат да бидат:

1) Сите видови стакла, светлосни натписи и реклами, слики, натписи и украси изработени на осигурени стакла, мермерни плочи од вештачки камен на маси, пултови, регали и сл., порцелански мијалници, клозетски школки, огледала на улици (за регулирање на сообраќајот), културни, историски и надгробни споменици од камен, бетон и метали.

Покрај светлосните реклами, осигурени се и нестаклените делови и рамки што се нивни составен дел.

2) Неонски цевки и други светлосни цевки со придружни уреди и без нив.

(2) Предмет на осигурувањето не можат да бидат:

1) Предмети од шупливо стакло, стакло на светилки и рефлектори, тела за осветлување од секаков вид, ламби (цевки); рендгенски, кварцни, радиотелевизиски и други; стакла што се користат како орудие за работа во процесот на производството, леќи, стаклени топки; резерви од стакло, стаклени стоки од секаков вид.

2) Напукнати и оштетени предмети.

3) Стакла во оштетени рамки.

(3) Осигурени се само предметите означени во исправата за осигурување.

## ОСИГУРЕНИ ОПАСНОСТИ (РИЗИЦИ) И ОБВРСКИ НА ОСИГУРИТЕЛОТ

### Член 2

Со осигурувањето по овие Услови, се дава осигурителна заштита од уништување или од оштетување на осигурените предмети поради остварувањето на било која од опасностите (ризиците) на кои се изложени осигурените предмети, освен за штети предизвикани:

1) При преместување или местење на осигурените предмети во простории што не се означени во исправата за осигурување.

2) Од гребнатини, разјадување и слични оштетувања на површината од осигурените предмети.

3) Од лизгање и симнување на почвата (земјиштето).
4) Кај надгробните споменици при отворање и затворање на гробниците.

(2) Ако посебно се договори, осигурителот ќе биде обврзан исто така да исплати надоместок и за штета:

1) На слики на стакло, натписи, украси, ако штетата е предизвикана од ист штетен настан, како и штетата на самото стакло на која се наоѓа сликата, односно натписот или украсот.
2) На предметите сместени во излог, оштетени или уништени од директен удар на осигурените предмети.

(3) Ако се договори осигурување на неонски цевки со другите придружни уреди, осигурувањето ги покрива и штетите од непосредно дејство на електрична струја (краток спој), пожар на кабли, создавање светлосни лакови и сл. на нестаклените делови и штети од грешки во конструкцијата, лиењето на материјалот, доколку за овие штети не е во обврска испорачателот и посебните погонски незгоди, доколку тие не се непосредна последица од трајно влијание на хемиски (корозија, оксидација), термички или механички причини, изабеност, старост, лошо одржување или дотрајаност поради редовна употреба, па макар и предвремено. Штетите предизвикани од посебно дејство на атмосферски електрицитет се опфатени со осигурувањето само тогаш ако инсталацијата е прегледана од надлежен орган и примена како исправна.

(4) Осигурителот има обврска, исто така, да ги надомести:

1) Трошоците за евентуално привремено најнужно застаклување.
2) Трошоците за симнување и за повторно местење на предметите што пречат при поставување на ново стакло (на пример: заштитна решетка, заштитна шипка, засолниште од сонце и слично).
3) Трошоците што осигуреникот ги имал за отстранување и намалување на штетата во висина определена според член 6 од овие Услови.

## МЕСТО НА ОСИГУРУВАЊЕ

### Член 3

(1) Предметите што се осигуруваат по овие Услови се сметаат за осигурени само додека се наоѓаат на местото означено во исправата за осигурување како место на осигурувањето.
(2) Во случај на проширување или промена на местото на осигурувањето посебно ќе се договори осигурувањето да важи за проширеното, односно за новото место на осигурувањето.

## ВРЕДНОСТ НА ОСИГУРЕНИТЕ ПРЕДМЕТИ

### Член 4

(1) Вредноста на осигурените предмети е набавната цена на осигурените предмети (стакла, плочи и сл.), односно цената за изработка на нови слики на стакло натписи, украси или букви од стакло.

## УТВРДУВАЊЕ НАДОМЕСТОК ОД ОСИГУРУВАЊЕ

### Член 5

(1) Штетата се пресметува според висината на трошоците за местење ново стакло, односно на други предмети од ист вид и квалитет наместо скршените, односно во висина на трошоците за изработка на нови слики, натписи, украси или букви од стакло. Евентуалното намалување на вредноста на оштетените предмети (амортизација) не се зема предвид.

(2) Осигурителот може надоместокот од осигурувањето да го изврши во пари или на тој начин што ќе намести ново стакло, односно ќе набави нов предмет (надоместок во натура).

Ако надоместокот се врши во натура, остатоците минуваат во сопственост на осигурителот. Во сопственост на осигурителот минува и стаклото употребено за привремено застаклување (член 2 став 3, точка 1).

Ако надоместокот се врши во пари, од износот на надоместокот се одбива вредноста на остатоците.

(3) Штетата пресметана според претходниот став ќе се надомести во полн износ, ако сумата на осигурувањето не е помала од вредноста на осигурените предмети (член 4).

(4) Ако сумата на осигурувањето е помала од вредноста на осигурените предмети во времето на настанувањето на осигурениот случај (подосигурување), ќе се надомести само делот од штетата што одговара на односот помеѓу сумата на осигурувањето и вредноста на осигурените предмети.

(5) Ако предметите се осигурени на „прв ризик“, надоместокот ќе се плати во висина на настанатата штета, а најмногу до договорената сума на осигурување „прв ризик“. Одредбите за подосигурување нема да се применуваат кај овој начин на осигурување.

## НАДОМЕСТОК НА ТРОШОЦИ

### Член 6

(1) Осигурителот ги надоместува трошоците што осигуреникот ги направил кога настанал осигурениот случај за преземените мерки поради отстранување и намалување на штетата, па и тогаш кога тие мерки не биле успешни.

(2) Вкупниот надоместок на име трошоци од претходниот став и на име надоместок пресметан според членот 5 од овие Услови, не може да ја надмине сумата на осигурувањето.

Трошоците за отстранување и намалување на штетата, направени по налог на осигурителот, како и трошоците за привремено застаклување, се надоместуваат и тогаш кога заедно со надоместокот од членот 5 од овие Услови ја надминуваат сумата на осигурување.

(3) Во случај на подосигурување, трошоците за отстранување и намалување на штетата се надоместуваат во ист сооднос како и штетата, освен во случај кога се направени по налог на осигурителот.

## ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ОБВРСКАТА ВРЗ ОСНОВА НА ДРУГИ ОСИГУРУВАЊА

### Член 7

Ако осигуреникот склучил и некое друго осигурување со кое и стаклата се осигурени (на пример: осигурување од опасност од пожар и некои други опасности), во случај на штета надоместокот од осигурувањето ќе се исплати врз основа на тоа друго осигурување. Врз основа на осигурувањето на стакла, ќе се изврши надоместок само тогаш ако покривањето на тоа друго осигурување не било достатно и тоа до износот на непокриениот дел на штетата.

## ВАЖНОСТ НА ОПШТИТЕ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ИМОТИ

### Член 8

Доколку не се во спротивност со овие Услови, на осигурувањата склучени по овие Услови се применуваат и Општите услови за осигурување имоти.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 9**
Постапка по приговори

Во случај осигурителот и осигуреникот да не се согласат по однос на обемот и висината на штетата, осигуреникот има право на приговор во рок од осум дена од приемот на писменото известување од осигурителот до Второстепената комисија за решавање штети по приговор, што е должна во рок од 30 дена да одговори по приговорот.

**Член 10**
Постапка по жалба

Договарачот, односно осигуреникот во однос на работењето на Друштвото има право на жалба до Агенцијата за супервизија во осигурување како надлежен орган за супервизија на друштвата за осигурување.

**Член 11**
Решавање спорови

Евентуалните спорови што би произлегле од договорот за осигурување договорните страни ќе ги решаваат спогодбено, а доколку не дојде до спогодба, надлежен е стварно надлежниот суд според местото на склучување на договорот за осигурување.

**Член 12**
Обработка и заштита на личните податоци

Согласно одредбите од Законот за заштита на личните податоци ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје врши обработка (собирање, евидентирање, организирање, чување итн.) на лични податоци на физички лица-договорувачи на осигурување односно осигуреници чии лични податоци ги обработува ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје со цел исполнување на права и обврски кои произлегуваат од конкретниот закон. Личните податоци ќе се обработуваат само на начин што обезбедува соодветно ниво на безбедност на личните податоци со примена на соодветни технички или организациски мерки, со имплементиран систем за информациска сигурност заради заштита на личните податоци, согласно стратегиите и политиките на ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје. ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје во својство на контролор на личните податоци, истите ги користи совесно, законито и согласно целта за која се собрани.

**Член 13**
Основ и цел за обработка на лични податоци

Врз основа на член 109 од Законот за супервизија на осигурување, а во согласност со Законот за заштита на личните податоци ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје собира, обработува, чува, користи и доставува лични податоци кои се неопходни при склучување на договорите за осигурување (полиси). Контролорите може да ги обработуваат личните податоци со цел исполнување на правата што произлегуваат од договорот за осигурување, односно со цел водење на постапка за надомест на штета и

воспоставување на бази на податоци за настанати штети.
ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје ги обработува личните податоци само врз основа на претходна согласност од субјектот на личните податоци.

Согласноста за обработка на личните податоци може да се повлече во секое време трајно или привремено преку доставување на известување за повлекување на согласност по пошта на следната адреса: „ул.Пиринска“ бр.23, 1-1/5, 1000 Скопје“ или преку електронска адреса info@grawe.mk.

**Член 14**
Пренос на личните податоци

ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје е дел од Групацијата Grawe. Личните податоци на субјектите на лични податоци се пренесуваат во рамките на Групацијата, односно во матичното друштво Grazer Wechselseitige Versicherung Aktiengesellschaft. При вршење на преносот на личните податоци се обезбедува високо ниво на технички и организациски мерки за обезбедување на тајност и заштита на личните податоци.

**Член 15**
Обработка на лични податоци за цели на директен маркетинг

Личните податоци со исклучок на податоците за здравствена состојба, ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје ги обработува за цели на директен маркетинг само врз основа на дадена согласност за обработка на лични податоци за цели на директен маркетинг кои ги врши за себе или поврзаните друштва во земјата или во странство.

**Член 16**
Права на субјектите на личните податоци

Во врска со сите прашања поврзани со обработка на лични податоци, за остварување на правата кои произлегуваа од Законот за заштита на личните податоци субјектите на лични податоци доставуваат барање на адреса на Граве Осигурување Неживот АД Ул.Пиринска 23,1-1/5 Скопје со назнака за Офицер за заштита на лични податоци.

**Член 17**
Рокови на чување на лични податоци

Личните податоци, ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје ги чува во рок до 10 години по истекот на договорот за осигурување или во случај на настанување на штета, 10 години по затворањето на случајот на настанување на штетата, согласно член 109 став 8 од Законот за супервизија на осигурување.
По истекот на роковите од став 1 на овој член личните податоци ќе бидат избришани/уништени од базите на податоци на ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје.

**Претседател на Управен одбор**
**Елизабета Божиновска**

Акционерско Друштво за осигурување ГРАВЕ НЕЖИВОТ Скопје